Врз основа на член 93 став 2 алинеа 23 и член 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп а во врска со член 115 и член 85 став 1 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, како и член 352 став 1 и член 483 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на ден 17.04.2026 година, по записник бр. 08 ја донесе следната:

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-813/2
Прилеп 17.04.2026 год.

# ОДЛУКА

## За усвојување на нова корегирана годишна сметка и финансиски извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2025 година

Член 1

Се усвојуваат новата корегирана годишна сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2025 година:

Приходи: 1.760.395.520 денари
Расходи: 1.336.268.417 денари
Загуба: 0 денари пред оданочување
Данок на добивка: 3.002.288 денари
Загуба: 0 денари по оданочување
Добивка: 424.127.103 денари пред оданочување
Добивка: 421.124.815 денари по оданочување

Член 2

Износот од добивката по оданочување од Член 1 на оваа Одлука, целосно ќе се искористи за покривање на загубата на друштвото од минати години.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е корегираната годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за период 01.01.2025г.-31.12.2025г.

Член 4

За спроведување на оваа одлука се грижи Генералниот извршен директор на Тутунски комбинат АД Прилеп и истата се препраќа до Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп за одобрување, согласно член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва.

Член 5

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Со стапување на сила на оваа одлука престанува да важи и се поништува Одлуката за усвојување годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2025 година со архивски бр.02-387/2 од 02.03.2026г.

**Образложение**

Тутунски комбинат АД Прилеп е содружник во друштвото Филип Морис Тутунски комбинат Прилеп ДОО Скопје и во истото има удел од 49 % од целукупниот капитал на ова друштво. Согласно првичните податоци од друштвото Филип Морис Тутунски комбинат Прилеп ДОО Скопје, добивката на Филип Морис Тутунски комбинат Прилеп ДОО Скопје за деловната 2025г. изнесуваше 1.010.619,00 денари од кои Тутунски комбинат АД Прилеп го призна својот удел во оваа добивка во износ од 495.203.000,00 денари, но со извршена дополнителна проверка утврдено е дека друштвото Филип Морис Тутунски комбинат Прилеп ДОО Скопје за деловната 2025г. има добивка од 1.079.975.740,00 денари со што Тутунски комбинат АД Прилеп има свој удел во оваа добивка во износ од 530.279.020,00 денари или разликата во добивката за Тутунски комбинат АД Прилеп изнесува 33.984.803,00 денари, поради што Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп ја усвојува новата корегирана годишна сметка и финансиски извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2025 година и престанува да важи и се поништува Одлуката за усвојување годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2025 година со архивски бр.02-387/2 од 02.03.2026г.

Доставено :

- Претседател на Одбор на директори
- Генерален извршен директор
- Финансиски менаџер
- Правен референт-сениор
- Архива

Тутунски комбинат АД Прилеп

Претседател на Одбор на директори
Сашко Вељаноски

"Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7